# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**АПРИЛ 2019**

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ СЕ ПРИКЛУЧИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО



Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија како општествено одговорна институција која се грижи за заедницата, се приклучи во борбата против аерозагадувањето и заштитата на животната средина. Имено, доставувачката служба своите активности во централното градско подрачје ќе ги врши со велосипед. На тој начин, Комисијата дава свој придонес кон мерките за намалување на аерозагадувањето и сообраќајниот метеж, што ги спроведува Владата на Република Северна Македонија.

Во континуитет, Комисијата има грижлив однос кон животната средина и една од нашите заложби е имплементацијата на paperless office , односно работење без хартија. Во таа насока, седниците на Комисијата за хартии од вредност како колективно тело се одвиваат по електронски пат или Е-седница, а во тек е инвестирањето во Business Process management System и е-Архива.

Вложувајќи во заедницата, менаџментот и вработените на нашата институција, учествуваат во еко-акции, самостојни или во кординација со Министерството за животна средина и просторно планирање и на тој начин помагаат да се подобрат целокупните услови во поширокото опкружување.